Врз основа на член 18 став 1 од Законот за младинско учество и младински политики („Службен весник РСМ бр. 10/20“), Локалното собрание на млади на Општина Гевгелија распишува:

**ЈАВЕН ПОВИК**
**за членови на Локалниот младиски совет**
**на Општина Гевгелија**

На повикот можат да се пријават членови од: **младински организации, организации за млади, политички подмладоци, ученички и студентски организации и други облици на младинско здружување.**

**Критериуми:**

- Формите на организирање и здружување не мора да бидат регистрирани во Општина Гевгелија, но мора да имаат активности на подрачјето на Општина Гевгелија во чиешто Собрание ќе членуваат;
- Да се основани и активни најмалку 1 година пред отворањето на овој повик;
- Кандидатите да се жители на Општина Гевгелија и да се на возраст од 15 до 29 години;
- Формите на организирање номинираат еден претставник за член во Локалниот младински совет.

**Потребна документација:**

- Номинација на делегат/ка и заменик-делегат/ка со контакт-детали за членот на Локален младински совет на Општина Гевгелија (Кратка биографија);
- Копија од лична карта на номинираното лице;
- Изјава за согласност за користење на личните податоци;
- Тековна состојба од Централниот регистар на Република Северна Македонија не постара од шест месеци со која се докажува со активен статус на организациите **(важи само за организациите регистрирани согласно со Законот за здруженија и фондации)**;
- Портфолио за работата на организацијата;
- Мотивациско писмо од кандидатот за членство во Локалниот совет на млади, но не повеќе од 1 страница;
- Годишен извештај за работата за претходната година, со кој се потврдува дека организацијата била активна и има спроведено активности за млади во Општина Гевгелија.

*** НАПОМЕНА: Организациите коишто учествувале на Јавниот повик за членство во Локално младинско собрание и ја доставиле потребната документација, не мора да ја доставуваат истата во целост, во рамки на овој Повик. Односно, потребно е да достават само:**

- Номинација на претставник за член на Локален младински совет на Општина Гевгелија (Кратка биографија);
- Мотивациско писмо од кандидатот за членство во Локалниот совет на млади, но не повеќе од 1 страница;
- Копија од лична карта на номинираното лице;
- Изјава за согласност за користење на личните податоци.

**<u>Рок за пријавување:</u>**

- Повикот трае 15 дена и е отворен до 11 декември 2024 година;

**<u>Начин на пријавување:</u>**

Формите на организирање и здружување треба да ја достават потребната документација во писмена форма до службеникот за млади во Општина Гевгелија, Петар Б. Јанчев, со назнака: „Апликација за членство во Локалниот младински совет на Општина Гевгелија“, во работните денови до крајниот рок на Повикот, од 08:00 до 16:00 часот.

- Повеќе информации на телефонскиот број: 075 219 453.

Пријавите ќе бидат разгледани од страна на Верификационата комисија, составена од членовите на Локалното собрание на млади на Општина Гевгелија. Верификационата комисија се состои од 3 члена, избрана со мнозинство гласови на членовите во Локалното младинско собрание.

**Локален младински совет претставува тело на локалната самоуправа кое го сочинуваат млади претставници на различните форми на организирање во Општината, кое има советодавна и застапувачка улога за прашањата од младински интерес во локалната самоуправа и пред Советот на Општината.**

**Локалниот младински совет го сочинуваат членови, претставници на различни форми на организирање на младите, а покрај членовите се бројат и претседателот/ката и заменик- претседателот/ката.**

**Бројот на членови на Локалниот младински совет треба да биде непарен и да не надминува повеќе од една третина од членовите на Советот на Општината, општините во градот Скопје и Град Скопје, но не може да биде помалку од пет лица со избалансирана родова застапеност. Потребно е да се спроведат афирмативни или поттикнувачки мерки кои ќе доведат до балансирана застапеност на младите мажи и жени, како и застапеност на младите од различни етнички заедници и поттикнување на учеството на младите со попреченост. Членовите на Локалниот младински совет на Општината ги избира Локалнотот собрание на млади и имаат мандат од две години со право на уште еден избор.**

**Мандатите на членовите на Локалниот младински совет на Општината се верифицираат од страна на Советот на Општината по добиена одлука за избор од страна на Собранието на млади и истите се објавуваат во службените гласила на Општината**

Сите апликанти ќе бидат информирани за понатамошните чекори.

**Локално собрание**
**на млади на Општина Гевгелија,**

бр. 19-1459/1
27.11.2024 год.
Гевгелија

претседател
Петар Дагалев
с.р.